Почитувани,

Од името на Организациското Тело на Codefest 2014, би сакале да Ви ја упатиме оваа

## Покана

за учество на Codefest 2014, програмерски маратон со натпреварувачки карактер

Codefest е програмерски маратон со натпреварувачки карактер, воглавно организиран за студенти од Република Македонија и регионот. Настанот за прв пат се организираше во февруари 2013, по идеја, иницијатива и организациски напор на тројца студенти од Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле", Охрид, Македонија: Јасна Тренгоска, Александар Митревски, и Вилијам Асиама, тим познат како H-Sense. Голема организациска поддршка беше овозможена од страна на Универзитетот, Студентскиот Парламент, и студентскиот технички клуб SITE, заедно со бројни национални и интернационални Спонзори, како и голема волонтерска поддршка. Крајниот резултат беше успешен национален настан кој траеше 24 непрекинати часови, прв од свој тип во Македонија, со околу 70 учесници во 13 тимови, и награден фонт вреден над 3000 евра. Фотографии од минатогодишниот настан можете да видите тука: https://www.facebook.com/media/set/?set=a.634103906629075.1073741829.590561210983345&type=3 .

Оваа година, челта ни е да организираме поголем регионален настан каде што студенти од различни образовни институции од регионот ќе имаат можност на едно место да разменуваат искуства, и да го прославуваат кодот! Природата на овогодинешниот настан се базира на посериозна нота, истакнувајќи ја креативноста и иновативноста пред техничките способности. За таа цел, дефиниравме неколку Категории/Теми под кои би се презентирала секоја идеја. Се осигуравме дека опсегот на овие теми е доволно широк да покрие било која идеја. Овие Категории ќе бидат објавени на Facebook страната на настанот.

Од друга страна, се обидуваме да го приближиме погледот до индустријата и бизнисот на овој Codefest. Ова го правиме како можност за заеднички бенефит помеѓу учесниците од една страна, и компаниите/потенцијалните вработувачи од друга страна. На Codefest, учесниците ќе имаат шанса да се запознаат со претставници на компании и потенцијални вработувачи, додека пак компаниите ќе можат да препознаат потенцијална таргет група на идни вработени.

На Codefest, се грижиме за луѓето. Така, во рамките на овој настан, организираме мала добротворна активност во соработка со Црвен Крст, под слоганот *We Think of Everyone (Мислиме на секого).* За таа цел, ги покануваме сите учесници на Codefest да учествуваат во оваа акција со тоа што ќе донесат со себе на настанот нешто што би го донирале на лица со потреби. Ова би можело да биде сешто, можеби омилена маица што веќе не ја носат, книга, сувенир, некоја детска играчка, било што што на некого би му користело и би му измамило насмевка!

Како образовна институција, би биле многу среќни доколку имаме ваши претставници, учесници на Codefest. Поради тоа, би Ви биле многу благодарни доколку би можеле официјално да ги информирате Вашите студенти за овој настан и да ја упатите нашата покана до нив. Исто така, доколку сте во можност да го истакнете постерот на настанот (приложен тука) на јавно место.

**ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ:**

Сите заинтересирани учесници треба да **аплицираат овде (бесплатно)**: http://www.eventbrite.com/e/codefest-2014-tickets-10748977481

**Официјалниот Facebook настан е**: https://www.facebook.com/events/1468155596729752/

**Датуми на настанот**: 5 април, сабота, од 09:00, до 6 април, недела, до 17:00 часот

**Траење на настанот**: 32 непрекинати часови вкупно

**Локација на настанот**: Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид, Амфитеатар

**Големина на тимови**: максимум 5 учесници во тим

**Контакт информации**: за прашања или коментари, Ве молиме пишете на следниот email contact@h-sense.net, или на Facebook страницата на настанот, или со повик на 077 728 713 – Јасна Тренгоска

***Забелешка****: од учесниците се очекува да донесат свој лаптоп за учество на настанот. Доколку некој учесник не е во можност да донесе свој компјутер, треба однапред да не информира за да се обидеме да му обезбедиме компјутер за користење за време на настанот. Храна и пијалоци (вода, сокови и кафе) ќе им бидат обезбедени на сите регистрирани учесници.*

Очекуваме одличен настан и Ви благодариме за соработката.

Со почит,

Организациско Тело на Codefest 2014